**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград, Република Србија над Друштво за кабелски телекомуникациски услуги КАТВ ДОО Чока, Република Србија**

**(предмет бр. 08-127 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 208/24 и 16/25), на ден 25.08.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со регистрирано седиште на Таковска бр.2., Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола над Друштво за кабелски телекомуникациски услуги КАТВ ДОО Чока со регистрирано седиште на улица Маршала Тита 22а, Чока, Република Србија.

- **Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија има поврзано друштво на териоторијата во Република Северна Македонија:

- **Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје**, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е **Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје.** Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. *Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје* е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград на територијата на Република Северна Македонија е: **Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје** („ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје“), со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност- сателитски телекомуникации.

-**Друштво за кабелски телекомуникациски услуги КАТВ ДОО Чока** е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, услуги па дистрибуција на медиумска содржина.

Друштво за кабелски телекомуникациски услуги КАТВ ДОО Чока нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

29.08.2025 година

Скопје